# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната програма

**Име на програмата:**

Човекови права

**Под програма: Ефикасен, ефективен и одржлив систем на бесплатна правна помош,** Програмата е предвидена во Стратешкиот план на Министерството за правда за 2025-2027 година.

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Одделението за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош и политички систем при Министерство за правда на Република Северна Македонија.

Вид на програмата

☒ Хоризонтална

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Со Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19 и 194/24), во опсегот на примарната правна помош, меѓу другите, се опфатени жртвите на родово базирано и семејно насилство како и помош при постапка за упис во матична книга на родени, стекнување на документи за лична идентификација и државјанство, постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување и друго.

**Краток осврт на програмата:**

Предметната програма има за цел остварување, олеснување и унапредување на пристапот до правдата на сите граѓани и гарантирање на уставното право на еднаквост на граѓаните.

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Со Законот за бесплатна правна помош се уредуваат општите услови за добивање на бесплатна правна помош: Барателот на бесплатна правна помош има право да добие секундарна правна помош доколку поради својата финансиска состојба не може да ги оствари со Уставот на Република Северна Македонија и со закон загарантираните права, без да го загрози сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Родово релевантни прашања во оваа насока и фактори кои придонесуваат кон родова нееднаквост се факторите поврзани со традициите согласно кои жените се најчесто: тие кои немаат имот на свое име (се откажуваат од наследството во корист на браќата/машките членови на семејството а воедно, заедничкиот имот во бракот е најчесто на име на мажот) и жртви на семејно насилство. Тоа влијае на нивната финансика и социјална состојба и статус.

**3.Предложени интервенции (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)**

- Да се утврдат родово специфични потреби и барања на лицата кои се баратели на бесплатна правна помош: колку жени и мажи се баратели на бесплатна правна помош.

**4.Очекувани резултати од програмата (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).**

- Унапредувањето на родовата сензитивност ќе се постигне преку континуирано следење на состојбата во областа, изготвување на преглед со родово разделени податоци и во таа насока евентуално подобрување и унапредување на законската рамка како би се поттикнала родовата свесност и истата би се подигнала на повисоко ниво и

-Со реализацијата на оваа програма ќе се помогне на лицата кои се финансиски и социјално загрозени категории да добијат релевантна правна помош со што ќе им се помогне во остварувањето на определено право.

**5. Аутпут индикатори**

- Утврдување на вкупниот број на баратели на примарна правна помош, колку од нив се мажи а колку жени и
- Утврдување на вкупен бројот на подносители на барање за секундарна правна помош, колку од нив се мажи и жени;

**6. Буџет на програмата/извор на средствата**

Од вкупно предвидениот буџет на Министерството за правда наменет за исплата на награда на адвокати за укажана правна помош во судски постапки и исплата на награда на здруженија за укажана претходна правна помош, кој за 2025 година се предвидува да биде 5.000.000,00 денари

Исплатата на средствата ќе се одвива преку буџетската сметка 637, Програма 10 – Администрација, ставка 425 – Договорни услуги. Не постои посебна програма за исплата на предвидените средства.